Архивски број:_________
__________ година

Тргнувајќи од законската надлежност за упатување општи препораки во случаи на дискриминација на поголем број лица, пропишана во чл. 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и од чл. 29 од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 03.12.2021 ја носи следнава

# О П Ш Т А  П Р Е П О Р А К А

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација носи општа препорака со која и се препорачува на Државната изборна комисија во најкус можен рок да ги преземе сите потребни дејствија во насока на обезбедување на пристапност и соодветно приспособување на гласачките места, со што ќе се овозможи еднаков пристап на лицата со физичка попреченост до и во гласачките места ширум земјата.**

Овие мерки и дејствија треба да обезбедат гласачките процедури, објекти и материјали да се соодветни, пристапни и разбирливи за лицата со попреченост, со цел остварување на правото на учество во јавниот и политичкиот живот на лицата со попреченост на еднаква основа со другите.

Во оваа насока, членот 29 од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост се однесува на учеството во јавниот и политичкиот на лицата со попреченост и предвидува дека државите им гарантираат на лицата со попреченост нивните политички права и можности да ги уживаат на еднаква основа со другите. Државите се обврзуваат да преземат мерки, со цел лицата со попреченост да можат ефикасно и целосно да учествуваат во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите, непосредно или преку слободно избраните претставници вклучувајќи го и правото и можноста да гласаат и да бидат гласани. Овие мерки вклучуваат, помеѓу другото и обезбедување на гласачките процедури, објекти и материјали да се соодветни, пристапни и разбирливи за лицата со попреченост, заштита на правото на лицата со попреченост да гласаат со тајно гласање на избори и референдуми без заплашување, можност да се кандидираат за избори, да извршуваат јавни функции на сите нивоа на власта, со користење на помошни и нови технологии. Државите имаат обврска да им обезбедат на лицата со попреченост можност ефикасно и целосно да учествуваат во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите, вклучувајќи го и гарантирањето на нивното право на глас. Дополнително, државите треба да извршат соодветно приспособување обезбедувајќи ги предусловите за остварување на гласачкото право на лицата со попреченост. Ако не се обезбеди ова, лицата со попреченост се лишени од нивното право да учествуваат во политичкиот процес на еднаков начин како и другите.

Дополнително, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е пропишано дека оневозможувањето на соодветно приспособување и оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите, се смета за дискриминација.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска надлежност да го следи спроведувањето на општите препораки што ги упатува по сопствена иницијатива.

Скопје
03.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk